[redacted]

Република Македонија
**Влада на Република Македонија**

**Министерство за труд и социјална политика**

Влада на Република Македонија
Министерство за труд и социјална политика
Бр. 08-5408/2
04.08.2017 год.
Даме Груев бр.14,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3 106 212
(02) 3 106 214
Сајт:www.mtsp.gov.mk

До
Синдикат на работниците од угостителството, туризмот, комунално-станбеното стопанство, занаетчиството и заштитните друштва на Република Македонија
ул. „Македонија" бр. 21/1-1,
Скопје

Предмет: Доставување на решение

Почитувани,

Во прилог Ви го доставуваме Решението бр. 08-8191/14 од 04.08.2017 година на Министерството за труд и социјална политика, со кое се огласува за ништовно Решението бр. 08-8191/10 од 29.12.2016 година на Министерството.

Со почит,

Министер,
Мила Царовска

Изработил: Г. Нешевски
Контролирал/Одобрил: М. Алексевска

Министерството за труд и социјална политика врз основа на член 124 став 1 и став 2 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на РМ“ бр. 124/15), испитувајќи го Решението бр. 08-8191/10 од 29.12.2016 година на Министерството за труд и социјална политика, го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

Решението бр. 08-8191/10 од 29.12.2016 година на Министерството за труд и социјална политика СЕ ОГЛАСУВА ЗА НИШТОВНО.

## О б р а з л о ж е н и е

Министерството за труд и социјална политика постапувајќи по барањето на Сојуз на синдикати на Македонија бр. 08-8191/9 од 29.12.2016 година, за поништување на решение, врз основа на член 124 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на РМ“ бр. 124/15) на ден 29.12.2016 година донесе Решение бр. 08-8191/10 со кое под точка 1. во изреката, барањето на Сојуз на синдикати на Македонија бр. 08-8191/9 од 29.12.2016 година за поништување на решение се уважува, а во точка 2. од изреката се наведува дека со ова решение се поништува решението бр. 08-8191/2 од 14.11.2016 година.

Со членот 124 од Законот за општата управна постапка е уредена постапката за огласување на управен акт за ништовен, односно условите под кои еден управен акт може да се огласи за ништовен. Поништувањето на управниот акт се врши врз основа на член 117 и член 121 од Законот за општа управна постапка.

Со членот 117 од ЗОУП е пропишано дека јавниот орган против чиј управен акт навремено е поведен управен спор може, до окончувањето на спорот, ако ги уважува сите барања на тужбата, да го поништи или измени својот управен акт од оние причини од кои судот би можел да го поништи утужениот управен акт, ако со тоа не се повредува правото на странката во управната постапка или на трето лице.

Додека менување и поништување на решение во врска со управен спор е пропишано со членот 121 од ЗОУП, според кој е предвидено дека, јавниот орган против чиј управен акт навремено е поведен управен спор може, до завршување на спорот, ако ги уважи сите барања на тужбата, да го поништи или измени управнниот акт од оние причини од кои судот би можел да го поништи таквиот акт, ако со тоа не се повредува правото на странката во управната постапка или на трето лице

Имајќи ги во предвид цитираните законски одредби, Министерството немало законски основ да постапува по барање за поништување на решението бр. 08-8191/2 од 14.11.2016 година против кое во предвидениот рок не бил уредно поведен управен спор така што истото веќе станало конечно и правосилно и притоа управната постапка била завршена. Од тие причини, решението бр. 08-8191/10 на Министерството за труд и социјална политика, донесено на ден 29.12.2016 година е донесно во работа за која веќе немало законски основ да се решава во управната постапка, заради што истото е ништовно во смисла на член 124 , став (1) алинеја 1 од ЗОУП.

Понатаму, изреката на решението е нејасна, содржи недостатоци поради кои е оневозможено извршувањето на решението, поради што решението е ништовно во смисла на член 124 став (1) алинеја 3 од ЗОУП. Ова од причина што не е јасно наведено во диспозитивот на решението кое решение со него се поништува, бидејќи во точка 2. од диспозитивот е наведен само број на решение и датум на донесување но не и од кого е донесено, а што мора да се наведе во самата изрека, а не само во образложението на решението, како во конкретниот случај.

Од напред наведените причини, а во врска со член 124, став (1), алинеите 1 и 3 од ЗОУП се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА:Против ова решение незадоволната странка има право на тужба до Управниот суд на Република Македонија во рок од 30 дена од приемот на ова решение.

Решено во Министерството за труд и социјална политика под бр. 08-8191/14 од 04.08.2017 година.

Министер,

Мила Царовска

Изработил: Г. Нешевски

Одобрил/Согласен: М. Алексевска